Република Македонија
Министерство за финансии
Бр.11-
__.11.2013 година
С к о п ј е

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница

ЕПП.бр.______:

**Усогласеност со Годишната програма на Владата:** НЕ

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
ДА

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
На првата наредна седница

**Карактер на материјалот:**

- Слободен пристап

**Итност на материјалот:** Материјалот не е итен

**Прилог:** Образец за проценка на фискаклни импликации, Извештај за проценка на влијанието на регулативата

**Дата на доставување на материјалот:**
___.11.2013 година

**ПОТПИС:**

**Зоран Ставрески**
**Заменик Претседател на Влада и**
**Министер за финансии**

Изработил: Јане Севдински
Проверил:Ленче Тагасовска
Одобрил: Виолета Стојановска Петровска
Согласен: Наташа Стојмановска

**Република Македонија**

**Министерство за финансии**

# М Е М О Р А Н Д У М

**НАСЛОВ:** Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница

**ПОТПИС:**

**Зоран Ставрески**
**Заменик Претседател на Влада**
**и Министер за финансии**

**Скопје, ноември 2013**

**1.Осврт по материјалот:**
Со Законот за задолжница се пропишува задолжницата како исправа, начинот на издавање и наплата на задолжницата. Согласно Законот, издавањето на задолжницата во должничко доверителските односи е на доброволна основа. Со цел да се подобри наплатата на побарувањата и да се зајакне одговрноста на правните лица при стапување во должничко доверителски односи, се предлага задолжително издавање на задолжницата во должничко доверителските односи на износ од 300.000 денари и повеќе.

**2. Разгледани можни решенија (за – против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации : -**

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош: НЕ**

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита од конкуренцијата за компатибилноста на државната помош: НЕ**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со Законодавството на Европската Унија (во прилог) НЕ**

**6.Усогласеност со превземените обврски од ратификуваните меѓународни договори: НЕ**

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**
Да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**
Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница нема да има фискални импликации.

**9. Очекувани влијанија:**
Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжница се очекува зголемување на сигурноста на доверителите и се зајакнува одговорното однесување на правните лица при влегување во должничко доверителските односи.

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**
**ДА**
**11.Оценка на Министерството за информатичко општество и администрација по материјалот:**
**ДА**

## 12.Клучни информации за информирање на јавноста:

# В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за задолжница се пропишува задолжницата како исправа, начинот на издавање и наплата на задолжницата. Согласно Законот, издавањето на задолжницата во должничко доверителските односи е на доброволна основа. Со цел да се подобри наплатата на побарувањата и да се поттикне одговорно однесување на правните лица при стапување во должничко доверителски односи, се предлага задолжително издавање на задолжницата во должничко доверителските односи на износ од 300.000 денари и повеќе.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија се зголемува сигурноста на доверителите и се поттикнува одговорно однесување на правните лица при влегување во должничко доверителските односи.

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница се заснова на истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основно решение што се предлага со законот е задолжително издавање на задолжница за должничко доверителски односи со кои се создаваат обврски во износ од 300.000 денари и повеќе.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на законот што се предлага, не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДРЕДЕНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница ќе предизвика трошоци за правните лица кои склучуваат договори за набавка на стоки и услуги во износ од 300.000 денари и повеќе, во износ од 3.000 денари за солемнизација на задолжницата..

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖНИЦА

Член 1

Во Законот за задолжница („Службен весни ка Република Македонија“ бр. 59/2012) во членот 3, по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:

„(6) Издавањето на задолжница е задолжително за должничко доверителски односи со кои се создаваат обврски во износ од 300.000 денари и повеќе, доколку се исполнети условите од ставовите (4) и (5) на овој член.

(7) Задолжница не се издава, доколку вкупниот неплатен износ по основ на издадени задолжници надминува 30% од вкупните приходи на должникот остварени во претходната година, евидентирани во Регистарот на годишни сметки кој се води во Централниот регистар.“.

Член 2

Во членот 8 став (1) третата реченица се брише.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„Кон барањето од став (1) на овој член доверителот задолжително приложува:

1) задолжницата,
2) број на трансакциска сметка на доверителот на која треба да се пренесат средства од сметка на должникот и
3) изјава заверена на нотар со која под полна морална, материјална и кривична одговорност го потврдува неплатениот износ на побарувањето по задолжницата и потврдува дека нема поднесено и нема да поднесе тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар за наплата на побарување кое произлегува од основот за издавање на задолжницата.“.

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Член 3

Во членот 14 став (2) зборовите „став (5)“ се заменуваат со зборовите „став (6)“.

Член 4

Во членот 18 став (1) ) зборовите „став (2)“ се заменуваат со зборовите „став (3)“.

Член 5

По членот 20 се додаваат два нови члена 20-а и 20-б кои гласат:

„Член 20-а

Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице кое нема да издаде задолжница согласно член 3 став (6) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице на правното лице за прекршокот од ставот (1) од овој член.

Член 20-б

Управата за јавни приходи доколку утврди повреда на член 3 став (6) на овој закон, постапувајќи во редовна или вонредна контрола, над правните лица кои ги контролира, ќе поведе прекршочна постапка.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
на Предлогот на закон за изменување и дополнување на
Законот за задолжница

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлогот на закон се додаваат два нови става во членот 3 од Законот за задолжница, со кои пропишува задолжително издавање на задолжница во должничко доверителските односи од кои настануваат обврски на износ поголем од 300.000 денари и повеќе, наспроти досегашното решение издавањето на задолжницата да е на доброволна основа. Исто така, се утврдува дека задолжница нема да се издава, доколку вкупниот неплатен износ по основ на издадени задолжници надминува 30% од вкупните приходи на должникот остварени во претходната година, евидентирани во Регистарот на годишни сметки кој се води во Централниот регистар.

Во членот 2, со кој се врши измена во членот 8 од Законот, се пропишуваат документите што доверителот ги поднесува заедно со барањето за наплата на задолжницата кај носител на платниот промет. Покрај задолжницата и бројот на трансакциската сметка на која треба да се префрлат средствата, доверителот треба да достави и изјава под полна морална, материјална и кривична одговорност дека нема поднесено и нема да поднесе тужба до надлежен суд, предлог за извршување до извршител или предлог за платен налог до нотар за наплата на побарување кое произлегува од основот за издавање на задолжницата. Ваквата измена е резултат на потребата да се спречи злоупотреба од страна на доверителот, побарувањето врз основа на задолжница да го наплати согласно Законот за финансиска дисциплина.

Со членовите 3 и 4 од Предлогот на закон се врши техничко усогласување со измената во членот 8 од Законот.

Со членот 5 се воведуваат два нови члена со кои се пропишува глоба за правните лица и одговорните лица на правните лица кои нема да издадат задолжница во должничко доверителските односи на износ од 300.000 денари и повеќе, како и надлежност на Управата за јавни приходи да поведе прекршочна постапка за правните лице за кои при редовна или вонредна контрола утврдила дека го прекршиле законот.

Со завршната одредба се пропишува одложна примена на законот од 1 јануари 2015 година.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите кои се предлагаат во Предлогот на закон се во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со измените на законот ќе се пропише задолжително издавање на задолжница во должничко доверителските односи на износ од 300.000 денари и повеќе.

ИЗВОД ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 3

(1) Задолжницата се издава во еден примерок.
(2) Задолжницата гласи на денари.
(3) Задолжницата се издава само при должничко доверителски односи меѓу правните лица.
(4) Задолжница не смее да издаде правно лице:

1) кое има блокирана сметка;

2) за кое во трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар) има евидентирано податоци за започната постапка за стечај, ликвидација или бришење;

3) кое е евидентирано во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност кај Централниот регистар и

4) кое е евидентирано во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот регистар.

(5)Вкупниот неплатен износ по основ на издадени задолжници не смее да надмине 30% од вкупните приходи на должникот остварени во претходната година евидентирани во Регистарот на годишни сметки кој се води во Централниот регистар.

Член 8

(1) Доколку обврските по основ на задолжница не се платени до датумот на достасување на задолжницата, доверителот поднесува барање за наплата. Барањето се поднесува најдоцна до денот наведен на задолжницата како краен рок за доставување на барање за наплата. Кон барањето доверителот задолжително ја приложува задолжницата, изјава заверена на нотар со која под полна морална, материјална и кривична одговорност го потврдува неплатениот износ на побарувањето по задолжницата и број на трансакциска сметка на доверителот на која треба да се пренесат средства од сметка на должникот. Носителот на платен промет нема да го прими барањето за наплата поднесено по крајниот рок за доставување на барање за наплата.
(2) Носителот на платен промет е должен во рок од два работни дена од денот на добивањето на барањето од став (1) од овој член, преку Клириншката куќа, да го извести Централниот регистар дека доверителот барал наплата на задолжницата.
(3) По добивање на барањето од ставот (1) од овој член, носителот на платен промет е должен да постапи на начин и во постапка за извршување на решенијата за присилна наплата согласно Законот за платниот промет.
(4) Доколку доверителот не поднесе барање за наплата на побарувањата по задолжницата во крајниот рок за доставување на барањето за наплата на задолжницата кај носителот на платен промет, обврските по задолжницата престануваат.
(5) Задолжницата за која не е поднесено барање за наплата во крајниот рок за доставување на барањето за наплата, Централниот регистар ја брише од Регистарот на задолжници по истекот на три работни дена од крајниот рок за доставување на барањето за наплата на задолжницата.
(2) Должникот што има издадено задолжница која не е платена во целост не може да ја заврши започнатата ликвидациона постапка, односно не може да се избрише од Трговскиот регистар, се додека задолжницата не се избрише од Регистарот на

задолжници согласно член 8 став (5), член 10 став (2), член 12 ставови (6) и (7) и член 13 став (3) од овој закон.

Член 18

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на носител на платен промет ако во пропишаниот рок не го извести Централниот регистар за случаите пропишани со членот 8 став (2), членот 9 став (1), член 10 став (1) и член 11 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на одговорното лице на носителот на платен промет за прекршокот од ставот (1) од овој член.

## *ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на предлогот<br>Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница | 2. Министерство/орган на државна управа:<br>Министерство за финансии | |
| 3. Цел на предлогот:<br>Одобрување за донесување на закон | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на закон | |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Ленче Тагасовска, раководител на Сектор за финансиски систем | 6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>3106-746, lence.tagasovska@finance.gov.mk | |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>(x) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложена активност: Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжница

10. Врска со владината програма:

| 11. Фискални импликации:<br>Нема | Тековна год. | Втора год. | Трета год. | Четврта год. (илјади денари) |
|---|---|---|---|---|
| **А. Вкупни трошоци за предлогот** | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Б. Одобрени средства за предлогот** | | | | |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **В. Промена (разлика) од одобрените средства (А-Б)** | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)** | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>______________________________ | | | | |
| 12. Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дадете образложение. | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 20. Одобрено/дата: | | | | |

______________________________
Потпис на државен секретар или директор на орган

__/11/2013
Ден/месец/ год.

______________________
Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии

___/11/2013
Ден/месец/год.

Изработил: Јане Севдински
Проверил: Ленче Тагасовска
Одобрил: Виолета Стојановска Петровска